# Како да се сложуваш со брат ти или сестра ти

„Поднесувајте се еден со друг и спремно простувајте си еден на друг, ако некој има жалба против некого“ (Колошаните 3:13).

Многу е важно да научиш како да ги решаваш несогласувањата со другите, а добро место за тоа е семејството. Прашањата подолу ќе ти помогнат да откриеш каде лежи проблемот што го имаш со брат ти или сестра ти, како дошло до него и како може да се реши.



## КАДЕ ЛЕЖИ ПРОБЛЕМОТ

Со кој од твоите браќа или сестри ти оди најтешко?

_______________________________________________

Околу што најчесто се карате?

_______________________________________________

Како обично доаѓа до караница?

*Брат ми/Сестра ми ќе...* (опиши што прави)

_______________________________________________

*поради што јас...* (опиши како реагираш)

_______________________________________________

*и на крајот...* (опиши ги последиците)

_______________________________________________



www.jw.org/mk © 2016 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania



## КАКО ДОШЛО ДО ПРОБЛЕМОТ

**БИБЛИЈАТА ВЕЛИ:** „Не грижете се само за себе туку и за другите“ (Филипјаните 2:4). Имајќи го овој совет на ум, пробај да ги видиш работите од гледна точка на брат ти или сестра ти.

Што можеби мислел тој или таа кога се скаравте?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Ако брат ти или сестра ти раскаже зошто се скаравте, за што би те обвинил *тебе*?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

За кои работи е во право?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

## КАКО ДА СЕ РЕШИ ПРОБЛЕМОТ

Можете ли околу нешто да се договорите, или некој во нешто да попушти? Ако да, што би било тоа?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Како поинаку би можел да постапиш *ти* следниот пат кога ќе дојде до несогласување за да не се скарате?

________________________________________

________________________________________

________________________________________



www.jw.org/mk © 2016 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania



Кои начела од листата подолу би можел да ги примениш следниот пат кога ќе дојде до слично несогласување?

## КОРИСНИ БИБЛИСКИ НАЧЕЛА

- ☐ „Сакајте се еден со друг силно и од срце“ (1. Петрово 1:22).
- ☐ „Вашата разумност нека им биде позната на сите луѓе“ (Филипјаните 4:5).
- ☐ „Немој брзо да се навредуваш, зашто навредливоста почива во пазувите на безумните“ (Проповедник 7:9).
- ☐ „Кога ќе почне караница, како да се отворила водна брана. Затоа, пред да избие караницата, оддалечи се“ (Изреки 17:14).
- ☐ „Кога снемува дрва, огнот згаснува, и кога нема клеветник, караницата престанува“ (Изреки 26:20).
- ☐ „Зошто ја гледаш раската во окото на својот брат, а гредата во своето око не ја забележуваш?“ (Матеј 7:3).

На крајот, напиши една работа која ја цениш кај твојот брат или сестра.

______________________________


www.jw.org/mk © 2016 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania

## ШТО БИ НАПРАВИЛ *ТИ*?

**БИБЛИЈАТА ВЕЛИ:** „Оној што зборува непромислено, како да прободува со меч, а јазикот на мудрите е лек“ (Изреки 12:18).

„Кога татко ми подолг период беше во болница, не можев редовно да го посетувам бидејќи не знаев да возам. Кога му реков на брат ми дека сакам да полагам за возачка дозвола, ми рече дека нема време да ме учи да возам. Дури и кога му објаснив зошто, ни малку не се потруди да ме сфати. Тогаш избувнав и му реков дека воопшто не му е гајле што не можам да одам кај тато и дека никогаш не мисли на моите чувства. Тоа многу го налути. Почнавме гласно да викаме и да се обвинуваме кој колку е бесчувствителен“ (Карина).

Што би направил *ти* да си на местото на Карина за да се средат работите?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**ШТО НАПРАВИЛА КАРИНА:** „Следното утро, јас и брат ми разговаравме малку повеќе за она што се случи. Тој ми се извини што толку многу се налутил и ми кажа дека минува низ тежок период. Не бев свесна дека носел огромен товар на себе. Откако ми кажа како се чувствува, му се извинив што му вршев дополнителен притисок. Иако имав најдобри намери, очигледно не беше моментот за тоа што го барав“.





www.jw.org/mk © 2016 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania